**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ**
**НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР - СКОПЈЕ**
Бр. 03-221/2
19.9.2012 год
Скопје

Врз основа на одредбите од Законот за високото образование и членовите 329 и 334 став 3 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје („Сл. весник на Република Македонија" бр. 156/2008), а во врска со барањето бр. 03-221/2 од 29.8.2012 год., на подносителот проф. д-р Зоран Трпоски, Комисијата за дисциплинска одговорност на студентите на Факултетот, на ден 19.9.2012 год., го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**
**за изрекување дисциплинска мерка**

1. На студентот Ѓорги Бисиновски, поради користење на ливчиња за препишување при писмено полагање на предметот внатрешен транспорт на ден 21.8.2012 год., му се изрекува дисциплинска мерка-забрана за полагање на испити во првата редовна испитна сесија (јануари 2013 год).

2. Изречената дисциплинска мерка се објавува на огласната табла на Факултетот и се впишува во досието на студентот.

**Образложение**

На ден 21.8.2012 год., при писмено полагање на предметот внатрешен транспорт, од страна на предметниот наставник проф. д-р Зоран Трпоски е утврдено дека студентот Ѓорги Бисиновски, користел ливчиња за препишување со што сторил дисциплинска повреда.

Како доказ за сторената повреда предметниот наставник ги достави ливчињата за препишување и испитната тетратка на студентот.

Постапувајќи по поднесеното барање а врз основа на приложените докази, во отсуство на студентот-уредно повикан, Комисијата утврди дека постои одговорност за сторената дисциплинска повреда и донесе решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против одлуката на дисциплинската комисија, студентот може да поднесе приговор до Наставно-научниот совет, како второстепен дисциплиски орган во рок од 8 дена од денот на приемот на ова решение.

**Комисија за дисциплинска одговорност**
**на студентите на Факултетот**
Претседател,
проф. д-р Виолета Ефремовска,

Доставено до:
- подносителот на барањето;
- студентот;
- досие на студентот;
- правна служба и архивата на Факултетот.